ОХРИДТУРИСТ АД - Охрид

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2024

Скопје, јануари 2025

СОДРЖИНА Страна

Извештај на независниот ревизор **1-2**

Финансиски извештаи

Извештај за сеопфатна добивка 3

Извештај за финансиска состојба 4

Извештај за паричните текови 5

Извештај за промените во главнината 6

Белешки кон финансиските извештаи 7-27

Додатоци

Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

Додаток 2- Годишна сметка

Додаток 3- Годишен Извештај за работење

MOORE

МУР СТИВЕНС ДОО
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: +389 (2) 32 14 706
Е-адреса: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ОХРИДТУРИСТ АД - Охрид

Извештај за финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ОХРИДТУРИСТ АД – Охрид (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2024 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ОХРИДТУРИСТ АД - Охрид

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОХРИДТУРИСТ АД – Охрид заклучно со 31 декември 2024 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ОХРИДТУРИСТ АД – Охрид за годината која завршува на 31 декември 2024 година.

Скопје,16 јануари 2025 година

Овластен ревизор

Костадинка Китаноска

Управител и Овластен ревизор

Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

	Белешка	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Приходи од услуги	8	-	-
Останати оперативни приходи	9	61,680	62,181
Трошоци за вработени	10	(13,444)	(14,390)
Амортизација	22 и 23	(16,522)	(18,917)
Исправка на вредност на побарувања	18	-	-
Останати оперативни расходи	11	(23,542)	(78,154)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)		8,172	(49,280)
Приходи од финансирање	12	9	150
Расходи од финансирање	13	(138)	(20,906)
ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		8,043	(70,036)
Данок од добивка	14	(807)	-
НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА)ЗА ПЕРИОДОТ		**7,236**	**(70,036)**
Останата сеопфатна добивка:			
Промени на ревалоризациските резерви		1,918,829	
Друга сеопфатна добивка		-	-
Вкупно останата сеопфатна добивка		**1,918,829**	-
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ		**1,926,065**	**(70,036)**

Одборот на Директори на Охридтурист АД Охрид на 14.01.2025 година ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери заради нивно усвојување.

Извршен Директор
Оливера Ставрова

	Белешка	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
СРЕДСТВА			
Тековни средства			
Парични средства	17	5,498	2,207
Депозити		-	-
Побарувања од купувачи	18	17,944	6,562
Побарувања за дадени аванси		-	-
Останати тековни средства	19	72	836
Залихи	20	2,215	2,219
Вкупно тековни средства		**25,729**	**11,824**
Нетековни средства			
Долгорочни депозити		-	-
Недвижности, постројки и опрема	23	880,482	192,163
Недвижности дадени под наем	22	1,362,120	135,794
Вкупно нетековни средства		**2,242,602**	**327,957**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**2,268,331**	**339,781**
ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА			
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	24	8,952	1,060
Обврски за примени аванси		307	307
Краткорочни кредити	26	-	5,000
Останати тековни обврски и ПВР	25	3,891	4,114
Вкупно тековни обврски		**13,150**	**10,481**
Нетековни обврски			
Одложени приходи	**27**	7,995	8,179
Вкупно нетековни обврски		**7,995**	**8,179**
Вкупно обврски		**21,145**	**18,660**
Главнина			
Акционерски капитал		367,600	367,600
Откупени сопствени акции		(11,410)	(11,410)
Резерви		2,366	2,366
Ревалоризациона резерва		2,269,714	350,885
Акумулирана загуба (-)		(381,084)	(388,320)
Вкупно главнина		**2,247,186**	**321,121**
ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА		**2,268,331**	**339,781**

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Парични текови од оперативно работење		
Добивка (загуба) пред оданочување	**8,043**	**(70,036)**
Усогласување за:		
Амортизација на недвижности, постројки и опрема	1,078	3,462
Амортизација на недвижности дадени под закуп	15,444	15,455
Приходи од амортизација на одложени приходи	(184)	(185)
Кусоци	-	-
Сегашна вредност на отпишани средства	-	-
Исправка на побарувања од купувачи	-	-
Парични текови од работење	**24,381**	**(51,304)**
Побарувања од купувачи	(11,382)	22,692
Побарувања за дадени аванси	-	224
Останати тековни средства	-	(2)
Залихи	4	-
Обврски од добавувачи	7,892	(5,231)
Обврски за примени аванси	-	-
Останати тековни обврски и ПВР	(265)	(823)
	20,630	**(34,444)**
Платена камата	-	-
Платен данок од добивка	(1)	-
Нето парични текови од оперативно работење	**20,629**	**(34,444)**
Парични текови од инвестиционо работење		
Дадени депозити	-	20,000
Продажби на недвижности, постројки и опрема	-	-
Набавка на нематеријални средства	-	-
Набавки на недвижности, постројки и опрема	(12,338)	(352)
Нето парични текови од инвестиционо работење	**(12,338)**	**19,648**
Парични текови од финансиско работење		
Уплатен капитал	-	-
Приливи (одливи) од земени кредити	(5,000)	5,000
Купување на сопствени акции	-	-
Нето парични текови од финансиско работење	**(5,000)**	**5,000**
Нето зголемување (намалување) на парични средства	**3,291**	**(9,796)**
Парични средства на почетокот на годината	**2,207**	**12,003**
Парични средства на крајот од годината	**5,498**	**2,207**

	Обични акции		Сопствени акции					
	Број	Вредност	Број	Вредност	Законски резерви	Ревалор. резерва	Акумул. загуба	Вкупно главнина
Во (000) МКД								
Состојба на 1 јануари 2023	172,291	367,600	(3,973)	(11,410)	2,366	350,885	(318,284)	391,157
Сеопфатана добивка:								
Загуба за годината	-	-	-	-	-	-	(70,036)	(70,036)
Друга сеопфатана добивка	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно сеопфатна добивка	-	-	-	-	-	-	(70,036)	(70,036)
Трансакции со сопствениците:								
Распределба за дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-
Распределба за резерви	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2023	172,291	367,600	(3,973)	(11,410)	2,366	350,885	(388,320)	321,121
Сеопфатана добивка:								
Загуба за годината	-	-	-	-	-	-	7,236	7,236
Зголемување по основ на ревалоризација	-	-	-	-	-	1,918,829	-	1,918,829
Вкупно сеопфатна добивка	-	-	-	-	-	1,918,829	7,236	1,926,065
Трансакции со сопствениците:								
Распределба за дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-
Распределба за резерви								
Состојба на 31 декември 2024	172,291	367,600	(3,973)	(11,410)	2,366	2,269,714	(381,084)	2,247,186

1. Основни податоци и дејност

1.1. Основање и трансформација

Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ АД - Охрид (Друштвото) е основано во 1958 година како угостителското претпријатие хотел Палас - Охрид. Од тој период, па до денес Друштвото има поминато поголем број на трансформации и реорганизации, за денес да делува како акционерско друштво во приватна сопственост основано и регистрирано согласно Законот за трговски друштва во Република Северна Македонија.

1.2. Акции

Структурата на акционерскиот капитал на Друштвото согласно акционерска книга на ден 31 декември 2024 и 2023 година е како што следува:

	2024 година		2023 година	
	број на акции	% на учество	број на акции	% на учество
М-6 ДОО Скопје	75,021	44.57%	75,021	44.57%
Екстра Скопско с.Косел	50,193	29.82%	50,193	29.82%
Министерство за финансии	21,833	12.97%	21,833	12.97%
Останати помали акционери под 5%	21,271	12.64%	21,271	12.64%
Сопствени акции	3,973		3,973	
Вкупно	**172,291**		**172,291**	

1.3. Дејност

Основната дејност на Друштвото е 55.10 - хотели и слични објекти за сместување.

Покрај тоа, во најголем дел, Друштвото остварува дополнителни приходи од издавање на сопствен недвижен имот.

1.4. Организација и раководење

Друштвото својата дејност ја остварува преку следните организациони делови:

- Хотел Палас Охрид;
- Хотел Десарет с. Пештани, Охрид;
- Хотел Орце Николов, нас. Св. Стефан, Охрид;
- Авто камп Љубаништа, Охрид;
- Комплекс Летница, Охрид;
- Ресторан Ориент, Охрид;
- Ресторан Биљанини извори, Охрид;

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепен систем на управување, со пет член одбор на директори, од кои, четири неизвршни и еден извршен директор на Одборот. Овластувањата на Одборот на директори се утврдени со Статутот на Друштвото.

1. Основни податоци и дејност (Продолжение)

1.5. Вработени

Вкупниот број на вработените на Друштвото, според нивните квалификации, е како што следува:

Квалификациона структура	2024	2023
1. Високо образование	3	3
2. Вишо образование	3	3
3. Средно образование	5	5
4. Висококвалифувани	0	0
5. Квалификувани	10	11
6. Полуквалификувани	0	0
7. Неквалификувани	2	4
ВКУПНО	**23**	**26**

1.6. Договори за закуп на објектите на Друштвото

Заради стопанисување со Комплекс Летница во Охрид, Друштвото има склучено договори за закуп со поголем број на субјекти на кои им се врши месечно или шестмесечно фактурирање на договорениот износ на наемнина. Покрај наемнината, Друштвото на закупците им врши префактурирање и на сите комунални трошоци поврзани со користењето на објектот.

Во мај 2020 година, заради стопанисување со хотелот Десарет Друштвото има склучен Договор за деловна соработка со друштвото Теди Комерц ДООЕЛ Охрид. Во ноември 2024 година склучен е Анекс на Договор за деловна соработка со друштвото Теди Комерц ДООЕЛ Охрид. Закупнината за 2024 година изнесува 115,000 ЕУР во денарска противвредност (без ДДВ), и плус 6% од остварениот месечен бруто приход на закупецот без засметан ДДВ. Во јули 2020 година, заради стопанисување со Автокампот "Љубаниште", Друштвото има склучен Договор за деловна соработка со друштвото Кампинг 2020 ДОО Охрид. Закупнината за 2024 година изнесува 10,000 ЕУР во денарска противвредност (без ДДВ), и плус 10% од остварениот месечен бруто приход на закупецот без прометот од продавницата во автокампот, 5% од остварениот промет на продавницата што ќе биде реинвестирана во автокампот.

Заради стопанисување со ресторантот Билјанини извори, Друштвото има склучен Договор за деловна соработка со друштвото Групација Филип ДООЕЛ од Охрид. Годишната закупнина изнесува 17,000 ЕУР во денарска противвредност (без ДДВ).

Заради стопанисување со ресторанот "ОРИЕНТ", Друштвото има склучено договор со Семафор Комерц-Р ДООЕЛ од Охрид. Месечната закупнина изнесува 3,036 ЕУР во денарска противвредност (без ДДВ).

2. Основа за составување на финансиски извештаи

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 28, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 Јануари 2010 година.

Почнувајќи од 01.01.2025 година, во примена ќе бидат Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 75/2024). Друштвото изврши проценка на потенцијалното влијание на промените на МСФИ врз финансиската состојба и резултатите од работењето. По извршената промеценка се констатира дека овие промени нема да имаат значајно влијание на финансиските извештаи на Друштвото.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2024 и 2023 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на ревалоризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (Белешка 3.10.).

2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била заснована проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.
Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

2.5. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

3.1. Приходи од продажба

Продажба на производи и стоки

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи Ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

Обезбедување на услуги

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото Ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од камати.

Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2024 и 2023, се следните:

	2024	2023
1 ЕУР =	61.4950 МКД	61.4950 МКД
1 УСД =	58.8807 МКД	55.6516 МКД

3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица (2023: исто). Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2023: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 14.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.6. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки.

3.7. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формира исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

3.8. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

(1) Мерење при признавање

Почетно, недвижностите, постројките и опремата (НПО) се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Средствата се евидентираат како НПО доколку векот на употреба им е подолг од една година, а поединечната набавна цена е поголема од 300 ЕВРА според курсот на НБРСМ.

(2) Мерење по признавање

а. Модел на ревалоризација

По признавањето како средство, определена ставка од недвижности, постројки и опрема, чија објективна вредност може веродостојно да се измери, се евидентира по ревалоризационата вредност, која ја претставува нејзината објективна вредност на датумот на ревалоризацијата намаленаза последователната акумулирана амортизација и последователните акумулирани загуби поради обезвреднување.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.9. Недвижности, постројки и опрема (НПО) (Продолжение)

Кога ставка од недвижности, постројки и опрема е ревалоризирана, акумулираната амортизација до датумот на ревалоризација се елиминира од бруто-сметководствената вредностна средството.

Кога сметководствената вредност на средството е зголемена како резултат на ревалоризација, зголемувањето треба да биде признаено во извештајот за сеопфатна добивка и акумулиран во гавнината под наслов ревалоризациони вишоци.

На крајот на тековниот период, Друштвото извршило проценка на пазарната вредност на недвижниот имот. Целта на проценката е да се усогласи сметководствената вредност на средствата со нивната објективна вредност согласно МСС 16 – Недвижности, постројки и опрема. Проценката е спроведена од страна на независен проценител по единствената „Методологија за процена на пазарната вреднст на недвижен имот (сл. Весник на РМ бр 54/12, 17/13, 21/13 142/14), според статистички метод – трошковен метод, при што е утврдено зголемување на вредноста од 1,918,829 илјади МКД. Зголемувањето е евидентирано како ревалоризациони резерви во делот на капиталот. Недвижностите кои беа предмет на проценка не се заложени како обезбедување за обврски на Друштвото.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства. Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(3) Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат. Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2024 година во однос на 2023 година се следните:

	2024	2023	2024	2023
Недвижности	2.0 -10 %	2.0 - 10 %	10-40 години	10-40 години
Постројки и опрема	20 - 25 %	20 - 25 %	4-5 години	4-5 години
Деловен инвентар	20 %	20 %	5 години	5 години

Новата ревалоризирана вредност ќе се користи као основа за пресметка на амортизацијата од следната година. Амортизацијата за тековната година е пресметана врз основа на книговодствената вредност на средствата до моментот на проценката, односно проценката нема влијание на вкупниот износ на амортизација за тековната година, со оглед дека истата е евидентирана на крајот на периодот.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.10. Вложувања во недвижности (средства за издавање)

Зградите наменети за издавање кои што Друштвото не ги користи за своите основни активности се класифицирани како вложувања во недвижности или средства за издавање. Вложувањата во недвижности, иницијално се евидентираат по набавна вредност при нивното стекнување намалена за акумулираната амортизација и годишно се ревалоризирале во изминатите години со примена на официјалните коефициенти за ревалоризација кои се засноваат на индексот на пораст на цени на производителите на индустриски производи во Република Северна Македонија. Овие коефициенти се применувале на набавната вредност и врз акумулираната амортизација. Ефектот од ваквата ревалоризација се пренесувал во ревалоризационите резерви на Друштвото.

Амортизацијата се пресметува според правопропорционалниот метод во текот на проценетиот век на користење на средствата со годишна стапка на амортизација од 2.0%-2.5% (2023: 2.0%-2.5%).

3.11. Оштетување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно оштетување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно оштетување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се оштетени. Загубата поради оштетување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

3.12. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

3.13. Капитал

(1) Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

(2) Откупени сопствени акции

Акциите кои се издадени од Друштвото и кои ги поседува истото се третираат како сопствени (трезорски) акции, се признаваат по нивната набавна вредност и се презентираат како намалување на капиталот на Друштвото.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.13. Капитал (Продолжение)

(3) Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

(4) Ревалоризациона резерва

Во рамките на ревалоризационите резерви евидентиран е износот на вишокот на книговодствената вредност на основната главнина над нејзината номинална вредност евидентирана во трговскиот регистар, во износ од 350,885 илјади МКД.

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација согласно изнесеното во точка 2.2., 3.9., 3.10. и 3.11. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба. Износот на ревалоризациони резерви по овој основ изнесува 1,918,829 илјади МКД.

3.14. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) Краткорочни користи за вработените

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи.

Сите краткорочни користи за вработетните се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.14. Користи на вработените (Продолжение)

(2) Користи по престанок на вработувањето

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Друштвото нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи.

3.15. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.16. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите и добавувачите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

4. Финансиски ризици и управување со истите (Продолжение)

4.1. Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Друштвото не влегува во значајни трансакции со странска валута, па според тоа не е изложено на можните флуктуации на странските валути.

Ризик од промени на цените

Друштвото не е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба со оглед дека истото не располага со вакви вложувања.

4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи (клиенти) нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Политика на Друштвото е тековно следење на ненаплатените побарувања, нивно редовно утужување и евидентирање на резервација (исправка на вредноста) за сите сомнителни и спорни побарувања.

4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки, кои се однесуваат на користените кредити договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото не користи вакви кредити и позајмици, не постои изложеност на овој вид на ризик.

4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

5. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат парите и паричните еквиваленти, побарувања од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на билансот на состојба.

6. Финансиски инструменти

6.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење по пат на користење на сопствени средства, па според тоа не постои изложеност на овој вид на ризик.

6.2. Ризик од девизни валути

Друштвото не влегува во значајни трансакции со странска валута, па според тоа не е изложено на можните флуктуации на странските валути. Исклучок претставува склучениот Преддоговор за реконструкција и адаптација на Хотел Палас со друштвото изведувач Секоинжинеринг ДООЕЛ од Р.Бугарија на вкупен износ од 6,899,322.95 ЕУР.

6.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки. Бидејќи Друштвото не користи вакви кредити, ниту има пласирано средства во депозоти во банки, не постои изложеност на овој вид на ризик.

6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2024 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	5,498	-	-	-	**5,498**
Депозити	-	-	-	-	**-**
Купувачи	11,074	2,748	4,122	-	**17,944**
Останати побарув.	26	-	-	-	**26**
	16,598	**2,748**	**4,122**	**-**	**23,468**
Добавувачи	2,082	2,748	4,122	-	**8,952**
Кредити	-0	-	-	-	**0**
Останати обврски	677	-	-	-	**677**
	2,759	**2,862**	**4,122**	**-**	**9,629**

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.4. Ризик од ликвидност(Продолжение)

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2023 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	2,207	-	-	-	**2,207**
Депозити	-	-	-	-	**-**
Купувачи	6,562	-	-	-	**6,562**
Останати побарув.	26	-	-	-	**26**
	8,795	**-**	**-**	**-**	**8,795**
Добавувачи	1,060	-	-	-	**1,060**
Останати обврски	-	-	5,000	-	**5,000**
	708	-	-	-	**708**

7. Сегментно известување

Друштвото во текот на своето работење не е организирано во посебни деловни или географски сегменти, поради што не се врши сегментно презентирање на работењето на Друштвото.

8. ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Приходи од ноќевања	-	-
Приходи од храна и пијалоци	-	-
Приходи од останати услуги (паркинг)	-	-
Вкупно приходи од продажба на услуги	**-**	**-**

9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Приходи од наемнина	39,036	37,339
Приходи од префактурирање на плати на закупци	7,077	7,490
Приходи од префактурирање на струја на закупци	14,681	16,172
Приходи од префактурирани останати трошоци на закупци	693	605
Приходи од наплата на сомнителни и отпишани побарувања (Белешка 16)	-	-
Приходи од продажба на отпадоци	-	-
Приходи од амортизација на одложени приходи (белешка 27)	184	185
Останати оперативни приходи	9	390
Вкупно останати оперативни приходи	**61,680**	**62,181**
Приходи од наемнини по објекти:		
Хотели Десарет	10,545	10,017
Хотел Орце Николов	1,107	1,117
Комплекс Летница	18,655	18,227
Автокамп Љубаниште	5,039	4,485
Ресторант Ориент	2,244	2,244
Ресторант Биљанини извори	1,049	1,049
Хотел Палас	397	200
	39,036	**37,339**

10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Бруто плати на вработени	12,475	13,424
Надомести на вработени (регрес, помош и сл)	927	765
Трошоци за превоз до и од работа	29	198
Дневници за службени патувања и патни трошоци	13	3
Вкупно	**13,444**	**14,390**

11. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Енергија	15,294	16,916
Данок на имот и останати даноци кои не зависат од резултат	3,384	3,607
Наемнини	-	-
Останати услуги	2,350	765
Услуги за одржување и заштита	148	273
Трошоци за вода	437	369
Транспортни трошоци	133	134
Спонзорства	-	-
Репрезентација	24	14
Банкарски провизии	61	76
Премии за осигурување	546	544
Неотпишана вредност на продадени и расходувани средства	-	117
Исправка на побарувања од купувачи (бел.16)	-	-
Отпис на ситен инвентар	-	1
Трошоци за изгубени судски спорови	7	54,197
Останати оперативни расходи	1,158	1,141
Вкупно	**23,542**	**78,154**

12. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Приходи од камати	9	150
Приходи од казнени камати	-	-
Вкупно приходи од финансирање	**9**	**150**

13. РАСХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Камати	6	11
Камати по судски пресуди	132	20,895
Курсни разлики	-	-
Вкупно расходи од финансирање	**138**	**20,906**

14. ДАНОК ОД ДОБИВКА

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Добивка (загуба) пред оданочување	**8,043**	**(70,036)**
Непризнаени расходи:		
Исправка на вредност на побарувања	-	-
Трошоци за репрезентација	21	12
Парични и даночни казни	2	8
Останато	3	-
Даночен кредит	-	-
Даночна основа	**8,069**	**(70,016)**
Намалување на даночната основа	-	-
Даночна основа	**8,069**	**(70,016)**
Пресметан данок од добивка	**807**	**(7,002)**
Други ослободување	-	-
Данок од добивка	**807**	**(7,002)**
Добивка (загуба) пред оданочување	**7,236**	**(63,034)**
Ефективна даночна стапка	**11.15%**	**11.11%**

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува одредени трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица. Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2023: 10%).

15. ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

а) основна заработувачка по акција	2023 (000) МКД	2022 (000) МКД
Нето добивка која им припага на имателите на обични акции		
Нето добивка за годината	1,926,065	(70,036)
Дивиденда на приоритетни акции	-	-
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**1,926,065**	**(70,036)**
	број на акции	
	2023	**2022**
Пондериран просечен број на обичните акции		
Издадени обични акции на 1 јануари	**172,291**	**172,291**
Откупени сопствени акции	(3,973)	(3,973)
Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември	**168,318**	**168,318**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**11,443**	**(416)**

Бидејќи Друштвото има откупено 3,973 сопствени акции, пондерираниот просечен број на запишани, издадени обични акции во оптек се намалува за бројот на сопствените акции со оглед дека истите не се во оптек и правата кои произлегуваат од нив мируваат се додека истите не се оттуѓат.

16. ДИВИДЕНДА ПО АКЦИЈА

На годишното собрание на Охридтурист АД Скопје за 2024 година, кое ќе се одржи во 2025 година, ќе се одлучува за распоредување на добивката за 2024 година. Овие финансиски извештаи не ја содржат оваа распределба, со оглед дека истата ќе биде искажана во Извештајот за промените во главнината за 2025 година. Во 2024 година не е извршена распределба на дивиденди (2023: нема).

17. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Денарски сметки во банки	5,498	2,207
Благајна	-	-
Девизни сметки	-	-
Вкупно парични средства	**5,498**	**2,207**

18. ПОБАРУВАЊА ОД ПРОДАЖБА

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Редовни побарувања од купувачи	16,219	6,562
Нефактурирани услуги	1,725	-
Сомнителни и спорни купувачи	36,316	36,316
	54,260	**42,878**
Исправка на вредност на побарувања од од купувачи	(36,316)	(36,316)
Нето побарувања	**17,944**	**6,562**
Позначајни редовни купувачи:		
Теди Комерц Охрид	10,693	2,506
Спорт Лајф	-	127
Рамстор	429	628
Кампинг 2020	4,063	1,754
Тинекс	-	352
Филип Дооел	198	173
Жито леб АД Охрид	129	354
Каирос 2010	179	188
ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ	305	228
Останати купувачи во земјата	223	252
	16,219	**6,562**
Промени во исправка на вредноста за годината:		
Состојба на 1 јануари	**36,316**	**36,316**
Нови сомнителни побарувања	-	-
Наплати и отписи (Белешка 9)	-	-
Отпис на побарувања од друштва во стечај	-	-
Состојба на 31 декември	**36,316**	**36,316**

19. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Побарувања за данок од добивка	-	764
Побарувања за ДДВ	-	-
Побарувања од вработените	26	26
Однапред платени трошоци	46	46
Останато	-	-
Вкупно	**72**	**836**

20. ЗАЛИХИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Материјали	-	4
Ситен инвентар	2,215	2,215
Трговски стоки	-	-
Вкупно залихи	**2,215**	**2,219**

21. ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Со состојба на 31 декември 2023 година, Друштвото има побарувања од разни физички лица во износ од 5,543 илјади МКД (2023: 5,543 илјади МКД) кои се под целосна исправка на вредноста, со оглед дека за истите Друштвото има добиено судски постапки и нивна наплата сеуште е во тек. Во текот на 2024 година нема наплатени долгорочни побарувања (2023: 2 илјади МКД како главен долг по основ на овие судски постапки).

22. НЕДВИЖНОСТИ ДАДЕНИ ПОД НАЕМ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Набавна вредност		
Состојба на 1 јануари	**659,213**	**659,213**
Директни зголемувања	12,338	-
Елиминација на акумулирана амортизација до ден на проценка	(538,863)	
Зголемување по основ на ревалоризација	1,229,432	-
Состојба на 31 декември	**1,362,120**	**659,213**
Акумулирана амортизација		
Состојба на 1 јануари	**523,419**	**507,964**
Амортизација за тековна година	15,444	15,455
Елиминација на акумулирана амортизација до ден на проценка	(538,863)	
Отпис	-	-
Состојба со 31 декември	**-**	**523,419**
Сегашна вредност на 31 декември	**1,362,120**	**135,794**

Сегашната вредност на објектите дадени под наем ги опфаќа сите објекти (хотели и ресторани) кои се дадени под наем и од кои се остваруваат приходи од наемнина дадени во белешката 9.

23. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

	Недвиж. (000) МКД	Постројки (000) МКД	Опрема (000) МКД	Останати и инвест. во тек (000) МКД	Вкупно (000) МКД
Набавна вредност					
Состојба на 01.01.2023	**285,559**	**14,734**	**23,997**	**15,391**	**339,681**
Директни зголемувања	-	352	-	-	**352**
Расход	-	-	-	-	**-**
Продажби	-	-	-	-	**-**
Состојба на 31.12.2023	**285,559**	**15,086**	**23,997**	**15,391**	**340,033**
Акумулирана амортизација					
Состојба на 01.01.2023	**110,465**	**13,628**	**20,315**	**-**	**144,408**
Амортизација	6	637	2,819	-	**3,462**
Расход	-	-	-	-	**-**
Продажби	-	-	-	-	**-**
Состојба на 31.12.2023	**110,471**	**14,265**	**23,134**	**-**	**147,870**
Сегашна вредност на:					
31.12.2023 ГОДИНА	**175,088**	**821**	**863**	**15,391**	**192,163**
31.12.2022 ГОДИНА	**175,094**	**1,106**	**3,682**	**15,391**	**195,273**
Набавна вредност					
Состојба на 01.01.2024	**285,559**	**15,086**	**23,997**	**15,391**	**340,033**
Директни зголемувања	-	-	-	-	-
Расход	-	-	-	-	-
Продажби	-	-	-	-	-
Елиминација на акумулирана амортизација до ден на проценка	(110,481)				(110,481)
Зголемување по основ на реваloризација	689,397	-	-	-	689,397
Состојба на 31.12.2024	**864,475**	**15,086**	**23,997**	**15,391**	**918,949**
Акумулирана амортизација					
Состојба на 01.01.2024	**110,471**	**14,265**	**23,134**	**-**	**147,870**
Амортизација	10	264	804	-	1,078
Расход	-	-	-	-	-
Продажби	-	-	-	-	-
Пренос од недвижнини под закуп	-	-	-	-	-
Елиминација на акумулирана амортизација до ден на проценка	(110,481)				(110,481)
Состојба на 31.12.2024	**-**	**14,529**	**23,938**	**-**	**38,467**
Сегашна вредност на:					
31.12.2024 ГОДИНА	**864,475**	**557**	**59**	**15,391**	**880,482**
31.12.2023 ГОДИНА	**175,088**	**821**	**863**	**15,391**	**192,163**

Друштвото нема дадено објекти под хипотека како обезбедување за обврски спрема трети лица.

Во 2016 година, склучен е Преддоговор за реконструкција и адаптација на Хотел Палас со друштвото изведувач Секоинжинеринг ДООЕЛ од Р.Бугарија на вкупен износ од 6,899,322.95 ЕУР кој е одобрен со Одлука на Собрание од месец јули 2016 година. По овој основ во 2016 и 2017 година, изведувачот има доставено фактури/ситуации на износ од 13,769 илјади МКД. Во 2023 и 2024 нема фактури по овој основ. Реконструкцијата и адаптацијата се во тек.

24. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Обврски кон:		
ЕД Електро дистрибуција	288	238
ЕВН Македонија	-	742
Теди Комерц ДООЕЛ	8,585	-
Останати добавувачи во земјата	79	80
Вкупно обврски спрема добавувачи	**8,952**	**1,060**

25. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Обврски за данок на додадена вредност	48	630
Обврски за нето плати спрема вработени	674	700
Обврски за надоместоци од плата	283	296
Обврски за персонален данок од плати	52	53
Незаработени приходи од наемнини	1,265	2,427
Однапред пресметани трошоци	1,524	1
Останато	3	7
Вкупно останати тековни обврски и ПВР	**3,891**	**4,114**

26. КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Шпаркасе банка АД Скопје	-	5,000
Вкупно одожени прихди	**-**	**5,000**

Со состојба 31.12 2024 Друштвото нема обврски за краткорочни кредити (2023: кредит од Шпаркасе банка АД Скопје во износ од 5,000 илјади МКД со рок на враќање 28.12.2024 година, и фиксна каматна стапка од 4.9% годишно, обезбеден со акцептирана меница).

27. ОДЛОЖЕНИ ПРИХОДИ

	2024 (000) МКД	2023 (000) МКД
Одложени приходи од инвестициски вложувања	7,995	8,179
Вкупно одожени прихди	**7,995**	**8,179**

Одложените приходи во износ од 7,995 илјади МКД (2023: 8,179 илјади МКД) претставуваат добиени парични средства од закупецот на хотел Десарет по основ на договор за закуп, за инвестициски вложувања во градежни објекти. Овие одложени приходи ќе се признаваат како приходи во наредните години, на рамномерна основа, како средствата се амортизираат и користат. Во 2024 година е евидентиран приход во износ од 184 илјади МКД (2023: 185 илјади МКД).

28. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По датумот на известување не се случиле настани кои би требало да се обелоденат во овие финансиски извештаи.

29. ПОТЕНЦИЈАЛНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ

Судски постапки во корист на Друштвото

Друштвото има покренато тужба против дел од постојните акционери на друштвото кои сеуште имаат неизмирени обврски кон Друштвото од 1995 година за платени акции, а кои сеуште не ги имаат продадено акциите. Со пресуда на Основниот Суд во Охрид П1-118/12 од 07.11.2012 година, правосилна на 24.09.2013 година, Друштвото го добило спорот и во тек е наплата на побарувања.

Судски постапки против Друштвото

Во теот на 2024 година, против Друштвото, покрената е една судска постапка за утврдување на ништавност на две одлуки на собрание на акционери. Со решение на Апелациониот Суд во Битола, му се забранува на туженият да ги применува Одлуките, до истекот на 15 дена по правосилното завршување на спорот по тужбата против туженият за утврдување ништовност на одлуките за кои е издадена привремена мерка (2023: Против Друштвото, во предходниот период, покрената е една судска постапка за надомест на материјална штета со вредност од 67,156 илјади МКД (без законски казнени камати). Во 2023 година, по Пресуда на Апелациониот суд во Битола, исплатен е износ од 54,181 илјади МКД по основ надомест на штета и износ од 20,854 илјади законски казнени камати. Против наведената пресуда од страна на Друштвото вложена е ревизија до Врховниот суд на РСМ).

Гаранции за други друштва

Друштвото нема дадено гаранции спрема трети лица во смисла на корпоративни гаранции или договори за пристапување кон долг на трети лица.

Даночен ризик

Согласно законските прописи во РСМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2024 година, како и на данокот на додадена вредност, персонален данок на доход и придонеси на лични примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност.

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето согласно одредбите на ЗТД

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат трговските друштва вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки.

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Согласно член 477 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Друштвото го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење.

Годишна сметка за 2024 година
- Биланс на состојба
- Биланс на успех
- Извештај за сеопфатна добивка

ЕМБС: 04058844
Целосно име: Хотелско - угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
1	- - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	2.242.601.998,00			327.956.666,00
9	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	2.242.601.998,00			327.956.666,00
10	- - Недвижности (011+012)	2.226.595.715,00			310.881.955,00
11	- - Земјиште	693.022.632,00			18.426.543,00
12	- - Градежни објекти	1.533.573.083,00			292.455.412,00
13	- - Постројки и опрема	555.965,00			820.542,00
15	- - Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	59.127,00			862.978,00
18	- - Материјални средства во подготовка	15.391.191,00			15.391.191,00
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	25.683.040,00			11.778.378,00
37	- - I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	2.215.721,00			2.219.462,00
38	- - Залихи на суровини и материјали				3.741,00
39	- - Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	2.215.721,00			2.215.721,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	17.969.366,00			7.352.150,00
47	- - Побарувања од купувачи	17.943.624,00			6.562.028,00
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)				764.380,00
50	- - Побарувања од вработените	25.742,00			25.742,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	5.497.953,00			2.206.766,00
60	- - Парични средства	5.497.953,00			2.206.766,00
62	- - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	45.480,00			45.481,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	2.268.330.518,00			339.780.525,00
65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	2.247.184.435,00			321.119.062,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	367.599.912,00			367.599.912,00
68	- - III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)	11.410.396,00			11.410.396,00

70	- - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА	2.269.714.384,00			350.884.760,00
71	- - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	2.366.088,00			2.366.088,00
72	- - Законски резерви	2.366.088,00			2.366.088,00
75	- - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	10.583.803,00			10.583.803,00
76	- - VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)	398.905.105,00			328.868.989,00
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	7.235.749,00			
78	- - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА				70.036.116,00
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	10.362.872,00			8.054.890,00
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	10.362.872,00			8.054.890,00
97	- - Обврски спрема добавувачи	8.951.558,00			1.059.634,00
98	- - Обврски за аванси, депозити и кауции	307.516,00			307.516,00
99	- - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати	335.410,00			349.085,00
100	- - Обврски кон вработените	675.993,00			706.818,00
101	- - Тековни даночни обврски	91.181,00			630.570,00
104	- - Обврски по заеми и кредити				5.000.000,00
108	- - Останати краткорочни обврски	1.214,00			1.267,00
109	- - V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	10.783.211,00			10.606.573,00
111	- - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	2.268.330.518,00			339.780.525,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	61.679.610,00			62.180.223,00
202	- - Приходи од продажба	39.035.630,00			37.339.110,00
203	- - Останати приходи	22.643.980,00			24.841.113,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	53.508.686,00			111.459.679,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	15.410.870,00			17.002.891,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	3.073.164,00			1.548.724,00
212	- - Останати трошоци од работењето	5.052.628,00			5.404.572,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	13.443.162,00			14.389.635,00
214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	8.332.737,00			8.982.005,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	647.914,00			683.235,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	3.494.159,00			3.758.702,00
217	- - Останати трошоци за вработените	968.352,00			965.693,00
218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	16.521.762,00			18.916.625,00
222	- - Останати расходи од работењето	7.100,00			54.197.232,00
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)	9.170,00			150.304,00

230	- - Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	9.170,00			148.304,00
233	- - Останати финансиски приходи				2.000,00
234	- - IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)	137.470,00			20.906.964,00
239	- - Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	131.585,00			20.895.491,00
243	- - Останати финансиски расходи	5.885,00			11.473,00
246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	8.042.624,00			
247	- - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)				70.036.116,00
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	8.042.624,00			
251	- - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)				70.036.116,00
252	- - Данок на добивка	806.875,00			
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	7.235.749,00			
256	- - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)				70.036.116,00
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	23,00			26,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
269	- - Добивка за годината	7.235.749,00			
270	- - Загуба за годината				70.036.116,00
271	- - Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+281+283) - (274+276+278+280+282+284)	1.918.829.624,00			
279	- - Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства	1.918.829.624,00			
286	- - Нето останата сеопфатна добивка (271-285)	1.918.829.624,00			
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	1.926.065.373,00			
291	- - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269)				70.036.116,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
609	- - Земјишта	693.022.632,00			18.426.543,00
612	- - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС)	1.532.170.391,00			291.863.815,00
613	- - Сегашна вредност на објекти од нискоградба (< или = АОП 012 од БС)	566.512,00			591.597,00
615	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 013 од БС)	87,00			6.425,00
629	- - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП 034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС)				764.380,00

630	- - Побарувања по основ на продажба на стоки и услуги и аванси и останати побарувања од сите субјекти во земјата и странство (< или=АОП 006+АОП 017+АОП 030+АОП 034+АОП 035+ АОП 046+ АОП 047+АОП 049+ АОП 050+АОП 051+АОП 057+АОП 062 ОД БС)	18.014.846,00			6.633.251,00
631	- - Основна главнина (сопствен ички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата (< или =АОП 065 од БС)	367.599.912,00			367.599.912,00
634	- - Обврски по заеми и кредити земени од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни претпријатија во земјата(< или =АОП 086+АОП 087+АОП 088+АОП 089+АОП 090+АОП 096+АОП 104+АОП 107 ОД БС)				5.000.000,00
639	- - Обврски по основ на трговски кредити, аванси и останати обврски кон сите субјекти во земјата и странство (вкупно) (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 094+ АОП 096+ АОП 097+ АОП 098+ АОП 099+ АОП 100+ АОП 101+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)	21.146.083,00			13.661.463,00
647	- - Приходи од наемнина (< или = АОП 202 од БУ)	39.035.630,00			37.339.110,00
655	- - Наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски (< или = АОП 203 од БУ)	8.570,00			
657	- - Приходи од премии, субвенции, дотации и донации (< или = АОП 203 од БУ)	184.501,00			184.501,00
661	- - Останати приходи од работењето (< или = АОП 203 од БУ)	22.450.909,00			24.652.112,00
663	- - Приходи од поранешни години (< или = АОП 203 од БУ)				4.500,00
669	- - Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ)	33.950,00			32.680,00
670	- - Прехранбени артикли (< или = АОП 208 од БУ)	20.133,00			12.985,00
671	- - Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ)	22.814,00			26.149,00
674	- - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ)	32.312,00			19.693,00
675	- - Вода (< или = АОП 208 од БУ)	436.602,00			368.807,00
676	- - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	15.293.883,00			16.891.298,00
678	- - Потрошени резервни делови и материјали за одржување (< или = АОП 208 од БУ)	31.287,00			19.493,00
679	- - Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ)				593,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	133.213,00			134.203,00
684	- - Надворешни услуги за изработка на производи (вон производство) (< или = АОП 211 од БУ)	4.439,00			7.337,00
691	- - Вкалкулирани надомести за време на боледување	44.034,00			76.630,00
692	- - Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија (< или = АОП 217 од БУ)	235.330,00			279.296,00
695	- - Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ)	406.978,00			485.953,00

699	- - Дневници за службени патувања (< или = АОП 217 од БУ)	12.591,00			3.016,00
700	- - Надомести на трошоците на вработените и подароци (< или = АОП 217 од БУ)	12.400,00			177.028,00
705	- - Трошоци за организиран превоз до и од работа (< или = АОП 217 од БУ)	16.800,00			20.400,00
707	- - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	478.510,00			341.969,00
709	- - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ)	23.527,00			13.570,00
710	- - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ)	545.781,00			544.150,00
711	- - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	61.426,00			76.031,00
712	- - Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	3.355.404,00			3.591.293,00
714	- - Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ)	29.170,00			16.108,00
715	- - Надоместоци за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ)	410.205,00			430.350,00
717	- - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	148.605,00			391.101,00
722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	23,00			26,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
4448	- 55.100 - Хотелско и слично сместување	61.688.780,00			

Потпишано од:

Mirjana Kuzmanoska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2,
OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust
Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Годишен извештај за 2024 година

И З В Е Ш Т А Ј

За работењето во деловната 2024 година

Врз основа на член 352 од Законот за трговски друштва, извршниот член на Одборот на директори на АД ,,ОХРИДТУРИСТ,, - Охрид до Одборот на директори доставува годишен извештај за работењето на друштвото во деловната 2024 година, со цел Собранието на акционери на годишното собрание на акционери да одлучува за одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Целта на изготвувањето на годишната сметка е да се утврди финансискиот резултат од работењето врз основа на утврдените приходи и расходи во 2024 година.

Вкупната актива на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид со состојба на ден 31.12.2024 година изнесува 2.268.330.518,00 денари и ја сочинуваат материјални средства, тековни средства и пресметани трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР).

СТРУКТУРА НА АКТИВА

р. бр	О П И С	2023		2024		2024- 2023
		Износ во мк	%	Износ во мк	%	%
1	НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	-	-	-	-	-
2	МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА	327.956.666,00	96,52	2.242.601.998,00	98,86	683,81
	Земјиште	18.426.543,00	5,62	693.022.632,00	30,90	3.761,00
	Градежни објекти	292.455.412,00	89.18	1.533.573.083,00	68,38	524,38
	Постројки и опрема	1.683.520,00	0,51	615.092,00	0,03	36,53
	Материјал.с-ва во подготовка	15.391.191,00	4,69	15.391.191,00	0,69	100,00
3	ТЕКОВНИ СРЕДСТВА	11.778.378,00	3,47	25.683.040,00	1,13	218,05
	залихи	2.219.462,00	18,84	2.215.721,00	8,63	99,83
	Краткорочни побарувања	7.352.150,00	62,42	17.969.366,00	69,96	244,41
	Парични средства	2.206.766,00	18,74	5.497.953,00	21,41	249,14
4	ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ	45.481,00	0,01	45.480,00	0,00	100,00
	ВКУПНО	339.780.525,00	100,00	2.268.330.518,00	100,00	667,59

Во материјални средства спаѓаат: земјиште, градежни објекти, постројки и опрема и канцелариски инвентар и мебел.

Во 2024 година се зголеми вредноста на земјиштето за 674.596.089,00 денари, а вредноста на градежните објекти се зголеми за 1.244.233.535,00 денари со прокнижување на проценката на земјиштето и градежните објекти изготвена за сметководствена евиденција.

Земјиштето има неограничен век на употреба и изнесува 693.022.632.00 денари.

Под градежни објекти се подразбираат зградите и другите објекти кои служат за извршување на функцијата на друштвото. Во структурата на материјалните средства градежните објекти учествуваат со 68,38% и изнесуваат 1.533.573.083,00 денари.

Вредноста на Хотел Десарет е зголемена како резултат на инвестицијата направена во хотел ,,Десарет,, од страна на закупецот Теди Комерц во износ од 12.337.470,00 денари, а која беше одобрена со Одлука бр. 02-119/10 на Годишното

собрание на акционери на друштвото, како и прокнижана проценка, побарана и изработена за за сметководствени цели.

Под опрема се подразбираат предмети кои служат за извршување на дејноста на друштвото чиј век на траење е подолг од една година, а поединечната вредност е поголема од две просечни плати во РС Македонија. Постројките и опремата се делови од материјалните средства на друштвото и на крајот од деловната 2024 година изнесуваат 615.092,00 денари.

Во тековни средства спаѓаат залихи на суровини и материјали, ситен инвентар, краткорочни побарувања и парични средства. Залихите на суровини и материјали и ситен инвентар во деловната 2024 година изнесуваат 2.215.721,00 денари. Краткорочните побарувања во износ од 17.969.366,00 денари ги сочинуваат побарувањата од купувачи, побарувања од вработени и останати побарувања. Побарувањата од купувачи изнесуваат 17.943.624,00 денари и бележат пораст од 273,45% во однос на 2023 година. Паричните средства со состојба на 31.12.2024 година изнесуваат 5.497.953,00 денари. Под парични средства се подразбираат оние парични средства со кои располага друштвото, а кои се наоѓаат на во банките на друштвото на ден 31.12.2024 година.

Платените трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) ги опфаќаат трошоците кои однапред се платени, а се однесуваат на идни пресметковни периоди и изнесуваат 45.480,00 денари и се однесуваат на полиси за осигурување на објектите.

СТРУКТУРА НА ПАСИВА

р. бр	О П И С	2023		2024		2024 - 2023
		Износ во мк	%	Износ во мк	%	%
1	ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ	321.119.062,00	94,51	2.247.184.435,00	99,07	699,80
2	ОСНОВНА ГЛАВНИНА	367.599.912,00	114,47	367.599.912,00	16,36	100,00
	Сопствени акции (-)	11.410.396,00	3,55	11.410.396,00	0,58	100,00
	Ревалоризациска резерва	350.884.760,00	109,27	2.269.714.384,00	101,00	646,85
	Резерви	2.366.088,00	0,74	2.366.088,00	0,12	100,00
	Акумулирана добивка	10.583.803,00	3,29	10.583.803,00	0,47	100,00
3	ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА	328.868.989,00	102,41	398.905.105,00	17,75	121,30
	Добивка за деловната година	-	-	7.235.749,00	0,32	-
4	ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	70.036.116,00	21,81	-	-	-
5	КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ	8.054.890,00	2,37	10.362.872,00	0,46	128,65
6	ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ	10.606.573,00	3,30	10.783.211,00	0,48	101,66
	ВКУПНО	339.780.525,00	100,00	2.268.330.518,00	100,00	667,59

Вкупната пасива ја претставуваат изворите на главнината и резервите, краткорочните обврски и одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР).

Запишаниот капитал се искажува по номинална вредност и ги содржи обичните акции, законските резерви, ревалоризационите резерви, акумулираната добивка, пренесената загуба, добивка за деловната година и изнесува 2.247.184.435,00 денари.

Краткорочните обврски во деловната 2024 година изнесуваат 10.362.872,00

денари и се однесуваат на име обврски спрема добавувачите, обврски по основ за бруто плати, даноци и придонеси на плата и на надоместоци на плата за месец декември 2024 година.

Обврските на име бруто плати, даноци и придонеси на плата за месец декември 2024 година се исплатени во месец јануари 2025 година.

Под приходи на идните периоди, односно пасивни временски разграничувања се сметаат оние парични средства што се примени однапред, а се однесуваат на подолг временски период (однапред платени закупнини, однапред пресметани трошоци - грант). Во 2024 година изнесуваат 10.783.211,00 денари. Меѓу позначајните приходи кои од 2024 година се пренесени за 2025 година по основ на закупнини се однесуваат на следните закупци: ЕЛ-ЕМ ДООЕЛ Охрид, Филип ДООЕЛ Охрид, Тинекс-МТ ДОО Скопје, ЗООМ ДООЕЛ Охрид и Семафор Комерц-Р.

Приходите во деловната 2024 година изнесуваат 61.688.780,00 денари и се приходи од наемнини и останати приходи од работењето.

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 63,28%, во износ од 39.035.630,00 денари имаат приходите остварени од наемнини и приходите остварени од префактурирање на струја, бруто плата, вода, телефонски услуги и сл. на закупците во износ од 22.450.909,00 денари со учество од 36,39%.

Во приходите не се пресметуваат износите на данокот на додадена вредност кои се наплатуваат заедно со продажната цена.

По основ на префактурирана бруто плата од закупците, остварени се приходи во износ од 7.077.461,00 денари и тоа:

- ,,Филип,,-Охрид за р. Билјанини извори - 1.946.488,00 денари;
- ,,Теди Комерц,, за хотел ,,Десарет,, - 3.105.683,00 денари;
- ,,Кампинг 2020,, за Автокамп ,,Љубаништа,, - 2.025.290,00денари;

Приходите по основ на префактурирање на електри;на енергија изнесуваат 14.681.321,00 денари.

Во делот на изнајмувањето на деловен простор, со секој закупец е склучен договор за закуп во кој е регулиран начинот на плаќање на закупнината (годишно, на 6 месеци, на 3 месеци или месечно), односно закупнината која се однесува за три месеци, шест месеци или годишно се евидентира на сметката однапред наплатени приходи, односно однапред пресметани приходи во тековниот период кои се однесуваат за наредниот период.

Дополнително утврдените приходи од поранешни години изнесуваат 8.570,00 денари и се резултат од наплатени побарувања од судски постапки.

Останати приходи се приходи од фактурирани трошоци на закупецот ТЕДИ КОМЕРЦ за урбана опрема пред хотел ,,Десарет,, и од префактурирана фактура на закупците од ЈП Водовод за Фонд за води и изнесуваат 128.289,00 денари.

Вкупните расходи во периодот 01.01.2024-31.12.2024 година изнесуваат 53.646.156,00 денари и ги сочинуваат расходите од работењето и финансиски расходи.

Во расходи од работењето се вклучени: трошоците за суровини и материјали, трошоците за услуги, плата и останати трошоци од работењето, трошоци за амортизација, останати трошоци од работењето и останати расходи.

Трошоците за материјали во анализираниот период изнесуваат 75.259,00 денари од кои 22.814,00 денари се за канцелариски материјали (хартија, регистратори, тонери и сл.), 52.445,00 денари материјали и средства за одржување и чистење и останати

трошоци.

За периодот јануари-декември 2024 година, трошоците за енергија изнесуваат 15.300.583,00 денари, од кои за електрична енергија се потрошени 15.235.745,00 денари, за бензин и моторно масло 6.700,00 денари, трошоците за гориво за патничко возило 27.250,00 денари и останати трошоци за енергија во износ од 30.888,00 денари и тоа по сметки од ЕВН за комунална такса и за јавно осветлување.

Во трошоци за услуги спаѓаат: транспортни услуги, поштенски и телефонски услуги, услуги за одржување и заштита, комунални услуги и останати услуги.

За поштенски услуги на Македонска пошта се исплатени средства во износ од 14.914,00 денари, на Македонски телеком и Т-Мобиле-Македонија за телекомуникациски услуги се исплатени средства во износ од 118.299,00 денари.

За услуги за одржување и заштита се издвоени средства во износ од 148.521,00 денари и тоа за услуги за тековно одржување платено е 26.550,00 денари, за трошоци за одржување на хардвер и софтвер износ од 44.400,00 денари, трошоци за одржување на патнички автомобили во износ од 17.571,00 денари и трошоци за Агенција за обезбедување 60.000,00 денари.

Комуналните услуги изнесуваат 436.602,00 денари и ги опфаќаат трошоците за снабдување со вода во износ од 184.224,00 денари исплатени на ЈП Водовод, трошоците за изнесување на смет и фекалии во износ од 83.057,00 денари се исплатени на ЈП Комуналец, трошоците за одводнување и прочистување на отпадни и атмосферски води изнесуваат 74.019,00 денари и се исплатени на ЈП ,,Нискоградба,,-Охрид и трошоци за колектор во износ од 95.302,00 денари исплатени на Колекторски систем Охрид.

Во останати услуги спаѓаат: интелектуални услуги, трошоци за регистрација на возила и останати неспомнати трошоци за услуги. Интелектуалните услуги изнесуваат 2.350.389,00 денари и ги сочинуваат: трошоците за интерна и екстерна ревизија во износ од 563.454,00 денари исплатени на Мур Стивенс - Скопје согласно Одлука на Собрание на акционери и на Алфа Одит-Скопје, трошоците за адвокатски услуги изнесуваат 88.218,00 денари и се исплатени на Адвокатот Нефтеров Панче, трошоците за нотарски услуги во износ од 38.588,00 денари се исплатени на нотарот Васил Кузманоски, трошоци за извршители во износ од 2.620,00 денари, трошоци за вештачење износ од 180.000,00 денари, а останати усуги за интелектурални услуги во износ од 1.229.900,00 денари се исплатени на Ревизорска куќа Мур Стивенс за извршени услуги по договор бр. 03-59 од 25.04.2024 година. Трошоци за услуги на контрола на добра износ од 143.874,00 денари се исплатени на Бидат плус ДООЕЛ-Кавадарци за извршен надзор за инвестиционите вложувања во хотел ,,Десарет,,.

За регистрација на патничките возила: Опел Корса и Опел Астра се исплатени 39.735,00 денари.

Бруто платата во периодот јануари-декември 2024 година изнесува 12.474.810,00 денари, а нето платата е 7.892.586,00 денари. Платата редовно се исплаќа на вработените најдоцна до 15-ти наредниот месец за тековниот месец.

Во АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид согласно Статутот на друштвото е воведен едностепен систем на управување. Постои Одбор на директори кој се состои од 5 члена и тоа 4 неизвршни и 1 извршен член. Извршниот член на Одборот на директори е и Генерален директор на друштвото.

Согласно член 384 од Законот за трговски друштва годишните примања на членовите на органите на управување на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид (Одбор на

директори) се следни:

р.бр.	Презиме и име	Раб.однос	Својство	Охридтурист		Примања од други друштва			
				Нето плата	Други примања	Нето плата/ пензија	Други примања	Примања за членување во органи	Примања врз основ на договор
1	Борче Илиоски	_____	Неизвршен член		86.133	764.799			
2	Снежана Славкова	_____	Неизвршен член		86.133	942.828			
3	Филип Медарски	_____	Неизвршен член		86.133				
4	Златко Ивановски	_____	Неизвршен член		86.133	2.408.879	1.306.156		
5	Оливера Ставрова	_____	Извршен член		455.319	2.089.300	18.546		

Со Одлука на Собрание на акционери бр. 02-50/5 се одобрува исплата на награда за вршење на функциите на членовите во Одборот на директори на АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид, по седница, во висина од 100 ЕУР во денарска противвредност според среден курс на НБМ и трошоците во 2024 година изнесуваат 478.510,00 денари.

За пензионирање на вработени во АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид се исплатени средства во износ од 235.330,00 денари.

За регрес за годишен одмор за 2024 година на вработените согласно одлука на Одбор на директори се исплатени средства во износ од 406.978,00 денари.

Амортизацијата за периодот јануари-декември 2024 година изнесува 16.521.762,00 денари. Амортизацијата всушност претставува сукцесивно трошење на постојаните средства во зависност од нивниот век на употреба. Со трошокот на амортизацијата всушност во пресметковниот период се пренесува дел по дел од набавната вредност на материјалните средства.

Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно реваloризационата вредност на средствата утврдена во согласност со прописите. Обврската за пресметување на амортизацијата престанува кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков со отпишаната вредност и се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со номенклатурата за амортизација.

Надоместоците на трошоци на вработените за оранизиран превоз до и од работа изнесуваат 16.800,00 денари.

Трошоците за репрезентација за 2024 година изнесуваат 23.527,00 денари.

За осигурување на објектите, на Македонија Осигурување се исплатени

545.781,00 денари. За банкарски услуги и трошоци на платен промет се исплатени 61.426,00 денари.

За данок на имот за 2024 година се платени 3.049.068,00 денари.

На Централен депозитар за хартии од вредност АД-Скопје се исплатени 38.619,00 денари за годишен надомест за водење на евиденција за акциите и за надомест за изработка и доставување на податоци (акционерска книга) во хартиена форма и за издавање на акционерска книга во хартиена форма. Трошоците за комунална такса за урбана опрема пред хотел ,,Орце Николов,, и хотел ,,Десарет,, изнесуваат 283.200,00 денари.

Трошоци за објава на огласи во весникот Нова Македонија и Вечер Прес изнесуваат 41.365,00 денари. По основ на менаџерски договор и договор на дело исплатени се 410.205,00 денари. За судски постапки исплатени се 24.300,00 денари.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-Охрид деловната 2024 година ја заврши со добивка по оданочување во износ од 7.235.749,00 денари. Данокот на добивка за 2024 година изнесува 806.875,00 денари. Оваа добивка е резултат на повеќе остварени приходи во износ од 61.688.780,00 денари наспроти помалку направени расходи во износ од 53.646.156,00 денари и истите се намалени за 40,53% во однос на претходната година.

АД,,ОХРИДТУРИСТ,,-ОХРИД

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,

Борче Илиоски

- **Предлог одлука за усвојување на Ревизорскиот извештај на овластената ревизорска куќа МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2024 година и Извештајот за работење на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2024 година.**

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 18.02.2025 година година ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на Ревизорскиот извештај на овластената ревизорска куќа МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје

1. СЕ УСВОЈУВА Ревизорскиот извештај на овластената ревизорска куќа МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2024 година и Извештајот за работење на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2024 година.

2. Составен дел на одлуката е Ревизорскиот извештај на МУР СТИВЕНС ДОО – Скопје за ревизијата на годишната пресметка за 2024 година и Извештајот за работење на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД во 2024 година.

3.Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ –ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

АД ,,ОХРИДТУРИСТ,, ОХРИД

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2024 ГОД.

Јануари 2025

Содржина

Страна

1. Вовед 2.
2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2024 3.
3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола 5.
4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување 6.
5. Останати активности на внатрешната ревизија 6.

1.ВОВЕД

Службата за внатрешна ревизија е независен оргазиционен дел која е фукционално и организациски одвоена од останатите делови на компанијата. Организациската поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациски единици на Друштвото се одредени од страна на Одборот на директори на АД Охридтурист.

При извршување на своите активности внатрешната ревизија вршеше ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Друштвото преку:

- оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- оцена на спроведувањето на интерните политики, процедури и законската регулатива како и деловната политика на Друштвото и нивно следење;
- оцена на поставеноста на информатичкиот систем;
- оцена на точноста и веродостојната на трговските книги и финаските извештаи;
- проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите;

Службата за внатрешна ревизија согласно Законот за трговски друштва изготви Годишен извештај за своето работење во текот на 2024 година и го достави на разгледување и одобрување на Одборот на директори на Друштвото.

Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во текот на 2024 ги содржи следниве информации:

- Преглед на извршени ревизии во текот на 2024;
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;
- Останати активности на Внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај;

2.Преглед на извршени ревизии во текот на 2024 година

Во текот на 2024 година службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно планот на работењето на внатрешната ревизија за 2024 година, кој се базираше на оценка на степенот на ризичност, знаење на областа која се ревидира и временски интервал.

При тоа се настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места-извршители) и работни процеси на Друштвото кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упаство и процедурите усогласени со стндардите за професионална примена на внатрешната ревизија.

Во првиот квартал на 2024 година, како што беше и планирано во Годишниот план за работењето на службата, прво се изготви годишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2023 година. Истиот беше уредно доставен, а потоа и усвоен од страна на Одборот на директори.
Во првиот квартал од страна на внатрешниот ревизор беше доставено барање до сите секторски раководители, кои не доставиле, да ги достават своите пишани процедури кои преставуваа појдовна основа за работа на внатрешната ревизија.
Во третиот квартал беше изработен полугодишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија кој беше усвоен од страна на Одборот на директори.

Во периодот Јануари-Декември 2024 година релизирани се следниве ревизии по оделни области на работењето на Друштвото:

Ред. Број	Реализирани интерни ревизии за 2024	Период во 2024
1	Бизнис план	Јануари
2	Тест конфирмирање на салда	Јануари
3	Тест конфирмации на добавувачи	Јануари/Февруари
4	Тест конфирмации на купувачи	Јануари/Февруари
5	Проверка на договорите и проверка на начинот на склучување договори	Јануари/Февруари
6	Склучување на договори за закуп	Февруари/Март
7	Кредитна политика	Февруари/Март
8	Обврски спрема добавувачи и побарувања од купувачи се следат на месечно ниво	Февруари/Март
9	Разгледување листа на судски спорови	Април

10	Процедура за службени патувања	Април
11	Тест за користење на службени автомобили и приватни автомобили за службени цели	Април
12	Процедура за службени мобилни телефони	Април
13	Процедура за репрезентација, спонзорство, корпоративни активности, деловно гостопримство	Април
14	Тестирање за тек на влезни финансиски документи	Април/Мај
15	Тестирање за контрола и верификација на излезни фактури	Април/Мај
16	Тестирање за спроведување на денарски и девизни налози за плаќање во банки	Април/Мај
17	Тест процес реализација	Април/Мај
18	Тестирање амортизација	Мај/ Јуни
19	Тестирање трошоци за суровини и други материјали	Мај/ Јуни
20	Проверка на книжење по организациони единици	Мај/ Јуни
21	Теренско тестирање на набавките кои треба да се реализираат заклучно вклучениот договор на закупците со Охридтурист	Јули/Август/Септември
22	Тест класа 4 (трошоци)	Јули/Август/Септември
23	Тест класа 3 (набавка на материјали)	Јули/Август/Септември
24	Тест класа 0 (основни средства)	Јули/Август/Септември
25	Тест парични средства	Октомври/Ноември
26	Тест ДДВ	Октомври/Ноември
27	Тест кредити депозити и лизинг	Октомври/Ноември
28	Тест процес залихи	Октомври/Ноември
29	Тест процес плати	Ноември/Декември
30	Тест за евиденција на работно време, отсуства и боледувања	Ноември/Декември

Извештаите за извршените ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Одборот на директори, Претседателот на Одборот на директори и до раководителите на секторите во кој се врши ревизија. Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки , рокови, одговорни лица за имплементација на дадените препораки. Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статусот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

3.Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола

Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во Акционерското Друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели:

- Изработка на навремени и точни финансиски извештаи
- Зголемување на економичност, ефикасност и ефективност на севкупното работење
- Усогласеноста со интерните политики на друштвото и законските прописи кои се однесуваат на него

Внатрешната ревизија при потврдување на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола се раководеше од најзначајните компоненти и цели и тоа:

- Дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамките на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија
- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Акционерското Друштво
- Дали системските контроли во апликативните решенија се доволни, сигурни и безбедни за да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето
- Дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено Акционерското Друштво.

Мислење:

Врз основа на извршените поединечни ревизии може да изразиме разумна сигурност дека најголем број од контролите кои се непоходни за да се пресретнат клучните ризици во Друштвото се воспоставени и функционираат. Од превземените ревизорски активности, утврдените состојби и факти врз основа на податоци по случаен избор постои разумно уверување дека работењето во Друштвото се одвива според законската регулатива.
Во поединечните ревизии каде беа идентификувани слабости во системот на интерни контроли, предложени се препораки за надминување на истите, кои беа предмет на континуирано следење, во насока на спроведување на препораките.

4.Наоди,предложени мерки и нивно спроведување

Службата за Внатрешна ревизија редовно ги презентираше наодите и препораките во извештаите кои беа доставувани до Одборот на директори на Друштвото. Исто така ревизијата ја следеше имплементацијата на предложените препораки.

Констатацијата до која дојде Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажува дека препораките се почитуваат и спроведуваат, а за мал дел имплементацијата е во тек, што значи нема негативни коментари или посериозни забелешки во поглед на наодите и препораките.

Исто така беше констатирано дека доставувањето на одговор за реализација на препораките предложени во текот на годината која измина е со незначително задоцнување.

5.Останати активности

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа релизирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година. Беа изработени потребните акциони планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.

Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваат на работењето на Акционерското Друштво, како и релизирање на дадените препораки во поединечните извештаи.

Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ревизијата. За одредени стручни прашања ревизијата беше консултирана и даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработени во Друштвото.

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинари за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции.

- **Предлог одлука за усвојување на Извештај од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година.**

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото на ден 18.02.2025 година година ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година.

2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот од Службата за внатрешна ревизија на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД за 2024 година.

3. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ